ОПШТИНА ЦЕНТАР
Бр. 20-2796/7
08.07. 2011 год.
СКОПЈЕ

# ЗАПИСНИК

Од состанокот на Комисијата за јавни набавки за спроведување на постапка за набавка со преговарање без предходно објавување оглас, одржан на 08.07.2011 година

Комисијата за јавни набавки во полн состав: Ратко Савовски – претседател, Горан Мицевски – член и Гоце Грујоски – член; се состана согласно Решението бр.08-2796/1 од 30.06.2011 година за спроведување на постапка за набавка со преговарање без предходно објавување на јавен оглас со:

- Авторот на наградениот конкурсен труд заведен под работен /деловоден/ бр.08-53/1 од Муамер Садику од Гостивар, од Конкурсот бр.08/10 објавен во дневните весници „Лајм„ , „Дневник„ и „Време„ на ден 03.11.2010 година, за изработка на Идеен проект за подигање на спомен обележје за „Јосиф Багери„ во Скопје.

## ИЗВЕШТАЈ
## од постапката со преговарање со Муамер Садику–автор на прво наградениот конкурсен труд за изработка на Идеен проект за подигање на спомен обележје на „Јосиф Багери„

Комисијата за јавни набавки врз основа на добиениот Извештај бр.20-2796/6 од 07.07.2011 година од надворешните стручни лица, ја разгледа втората понуда на авторот Муамер Садику од Гостивар, за изведба на спомен обележје – споменик на Јосиф Багери во Скопје и констатира дека Авторот постапил по сугестиите на Комисијата и надворешните стручни лица и во втората понуда под бр.20-2796/5 од 05.07.2011 година го намалил понудениот износ за изработка на скулптурата на 57.000,00 евра.

Комисијата заклучи дека сите забелешки се прифатени од страна на Авторот и препорачува на Градоначалникот на Општина Центар-Скопје да ја прифати понудата бр.20-2796/5 од 05.07.2011 година, во износ од 57.000,00 евра, со рок на реализација од 6 (шест) месеци и со авторот Муамер Садику да потпише Договор за изработка на идеен проект и изработка на скулптура.

Записничар
Виктор Узуновски

Комисија за јавни набавки
Претседател
Ратко Савовски

ОПШТИНА ЦЕНТАР СКОПЈЕ